**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6477 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.“*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.“*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на*

*распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  *(3) „Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  *(4) „Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  *(11) „Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

## 6. Констатации од надзорот:

***Дневно-информативни емисии***

Набљудувањето на завршниот период од 1 до 9 декември за официјалната изборна кампања од Предвремените парламентарни избори, опфати девет изданија на радио-дневникот од 16 часот, при што за анализа беа издвоени вкупно – 4 часа 35 минути и 6 секунди.

Информативниот баланс во минутажата што Третиот програмски сервис на Македонското радио ја распореди за предизборните активности на учесниците во изборниот процес, беше проценуван земајќи предвид две основни насоки – првата, зададена според општите задолженија за сите радиодифузери, пропишани со членот 75 од Изборниот законик (наведени во точката 5 од извештајов), втората, зададена во посебниот член 76-а став 2 од Изборниот законик, што регулациски важи исклучиво за информативната програма на Јавниот радиодифузен сервис:

- *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Врз основа, пак, токму на овој член од Изборниот Законик, што всушност ја пропишува структурата на дневно-информативните програми реализирани од редакциите на Јавниот сервис, осмислен е интерниот уредувачки документ насловен - *„Правила за медиумско покривање на изборни процеси - за рамномерно политичко претставување"*, чиј текст исто така, беше земен за оперативен при споредбената анализа на информативните минутажи отстапени за секој од учесниците во изборната кампања - и групно и поединечно - од позиции на парламентарна власт (*Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ; партијата ДУИ;*), односно – парламентарна опозиција (*Коалицијата предводена од СДСМ; Коалицијата за промени и правда; партијата ДПА*), и вонпарламентарните групации/партии (*Коалиција меѓу партиите – Унитети, ДПА-ДР и*

*НДП на Весел Мемеди, под заедничко име „Алијанса за Албанците; потоа партиите – Беса; ПДП; Левица и Либералната партија; како и Коалицијата ВМРО за Македонија;).*

Оттаму, слоевитоста на аналитичка перспектива, освен општите и посебните задолженија опфатени со споменатите регулациски нијанси од членовите 75 и 76 од ИЗ, предвид го зема и уредувачкото правило посочено во „*Покривање на изборите во вести*", поглавје од интерните Правила, каде што, меѓу другото, се вели:

> *Имајќи ги предвид спецификите на Вториот телевизиски и на Третиот радио програмски сервис на МРТ, кои се наменети за задоволување на информативните потреби на граѓаните од немнозинските етнички заедници што живеат во Република Македонија, дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес во вестите на овие сервиси, ќе биде инверзна на дистрибуцијата на времето во вестите на Првиот телевизиски и на Првиот радио програмски сервис на МРТ, за парламентарни и за локални избори, за избор на членови на советите на општините и на градот Скопје. Иако, очекувано партиите на етничките заедници ќе имаат помал број листи со потврдени кандидати, тие ќе добијат повеќе време за покривање на активностите од кампањата, односно во рамките на блоковите од вестите наменети за покривање на активностите од кампањата на учесниците во изборниот процес, ќе се замени времето меѓу политичките субјекти од немнозинските заедници и субјектите од т.н. македонски политички блок;*

Всушност, како што ќе се покаже преку статистиката за информативната застапеност на учесниците во изборната кампања, токму ова уредувачко правило за – *инверзен распоред на информациите* - земено е за доминантно кога се правел концептот по кој биле покривани предизборните кампањи.

Најнапред, според барањата од „математичкиот образец" воспоставен преку членот 76 став 2 од ИЗ, може да се рече дека – информативната редакција на Третиот програмски сервис на Македонското радио, во анализираниот период од 1 до 9 декември, генерално се придржуваше до бараниот процентуален распоред на структурата на дневно-информативните радио-весници:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 29%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 28%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 32%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 11%;

Во однос на втората обврска утврдена во член 76 став 3 од ИЗ, времето за информирање за активностите од кампањата на политичките партии да биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување, односно со почитување на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати, кој согласно ИЗ се применува за избори за пратеници, може да се констатира дека тој не е применет, и дека медиумот се придржувал до своето уредувачко правило за - *инверзен распоред на минутажата за изборните кампањи.*

По оваа логика, ако во двата сегменти од вестите наменети за информирање од кампањите на партиите од власта и на партиите од опозиција, се споредат информативните минутажи на парламентарните партии на Албанците и на парламентарните партии од македонскиот политички блок, дистрибуцијата на времето изгледа вака: за владејачката ДУИ – 51 минута и 53 секунди, со кандидатски листи во седум изборни единици, и на опозициската ДПА – 43 минути и 18 секунди, со кандидатски листи во пет изборни единици; за владејачката ВМРО ДПМНЕ и нејзината Коалиција – 28 минути и 30 секунди, со кандидатури во седум изборни едници, наспроти оние за парламентарната опозиција обединета во Коалицијата на СДСМ – 29 минути и 10 секунди, со кандидатури во седум изборни единици, и за Коалицијата за промени и правда – 5 минути и 36 секунди, со кандидатура во шест изборни единици.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:51:53 | 64,54 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:28:30 | 35,46 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:20:23** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:29:10 | 37,36 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:05:36 | 7,17 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:43:18 | 55,47 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:18:04** | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:58 | 17,38 % |
| Влада на РМ | 00:04:10 | 4,84 % |
| Судство | 00:02:53 | 3,35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:33 | 7,60 % |
| Вести од светот | 00:31:19 | 36,36 % |
| Граѓански сектор | 00:06:01 | 6,99 % |
| Без субјекти | 00:02:20 | 2,71 % |
| Локална самоуправа | 00:00:24 | 0,46 % |
| Други субјекти | 00:13:42 | 15,91 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:15 | 2,61 % |
| Собрание на РМ | 00:00:55 | 1,06 % |
| Привремена комисија | 00:00:38 | 0,74 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:26:08** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:10:22 | 33,97 % |
| Беса | 00:10:08 | 33,21 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:04:03 | 13,27 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:03:56 | 12,89 % |
| Левица | 00:01:06 | 3,60 % |
| Либерална партија | 00:00:56 | 3,06 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:30:31** | 100 % |
| **Вкупно:** | **04:35:06** | |

Третиот, радио програмски сервис, известуваше и за кампањите на шесте вонпарламентарни партии, а најмногу време – изедначена минутажа од по 10 минути, добија Коалицијата „Алијанса за Албанците" и движењето Беса, што имаа кандидатски листи во четири изборни единици. Споредбено, пак, иако Коалицијата ВМРО за Македонија имаше потврдени кандидатски листи во седум изборни единици, за нејзините активности беа отстапени само 3 минути и 56 секунди.

Со оглед на целиот политички комплекс правила и прописи од Изборниот законик, за уредување на структурата на поединечните, дневни радио-весници, тенденцијата за уредувачкото / новинарското презентирање на политичките поенти од јавните предизборни собири на учесниците во изборната кампања – жанровски главно ги одбра веста и извештајот, а речиси половина од времето на секој поединечен прилог е отстапено за цитати (тонски извадоци, нахсинхронизирани поради потреба од превод), што впрочем се чита и од статистиката за категоријата – „директни обраќања".

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:59 | 1,90 | % |
| Влада на РМ | 00:00:23 | 0,37 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:13 | 0,21 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:28:28 | 27,28 | % |
| Беса | 00:04:48 | 4,60 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:04:54 | 4,70 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:34:22 | 32,94 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:24 | 9,97 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:14:17 | 13,69 | % |
| Други субјекти | 00:01:49 | 1,74 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:44 | 1,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:59 | 0,94 | % |
| | **Вкупно: 01:44:20** | **100** | % |

Од другите теми поврзани со домашни или со глобални општествено-политички актуелности, но кои не произлегуваа од политичката изборна кампања, забележително време им беше посветено на категориите - „граѓански субјекти" (на пример: *Меѓународна конференција одржана во Скопје, за борба против ХИВ/СИДА; НВО Еко герила од Тетово подготви Декларација за зачувување на природата, со очекување да ја потпишат учесниците во изборната трка од Шестата изборна единица; Младинскиот совет при Општина Гостивар со низа активности по повод „Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби"; одбележување на „Светскиот ден на лицата со хендикеп"; протести против аерозагадувањето во Скопје, и тридневна конференција насловена - „Рефреш Ф-5", на еколошки теми – организирана од Студентскиот парламент и ФИНКИ;*), како и содржински разнородни прилози опфатени во категоријата „други субјекти" (*резултати од анкета спроведена од агенцијата Рејтинг – прогноза на изборниот исход; коментар на тема – „Разлики помеѓу побарувачката на пазарот на труд и кадрите што ги продуцира македонскиот образовен систем"; во Скопје отворен клуб за жени-претприемачи, членки на Стопанската комора;*). Во категоријата - „амбасадори / меѓународни организации / странски политичари", забележително место доби извештајот на Human rights watch во врска со неповолната состојба на новинарската професија во земјите од Западен Балкан.

***Посебни информативни емисии***

*Дебата*

На 7 декември, во утринската дваесетминутна „Емисија за економија", емитувани се презентации на економските платформи на ДУИ (претставници – Фатмир Бесими и Дритон Кучи), на ДПА (Мендух Тачи), на „Алијансата за Албанците" (Зијадин Села), и на Беса (Африм Гаши).

На 9 декември, од 16:30 часот, емитувана е дебата преземена од МРТ2 (премиерно емитувана на 6 декември во емисијата „Аргумент"), помеѓу - Дритон Кучи од ДУИ, Идриз Орана од ДПА, аналитичарот Алберт Муслиу и универзитетскиот професор Илбер Села. Учесниците во дебатата соочуваат гледишта за општо поставена тема - различни аспекти од текот на изборната кампања и очекувањата од изборниот процес.

***Сектор за програмски работи***